## SEE NEW PERSPECTIVES (Нови перспективи во Источна Европа)
## *Стручна работилница  за професионални фотографи од Југоисточна Европа*

Добредојдовте на овој сајт за професионални фотографи од Југоисточна Европа, кои сакаат да се регистрираат и да ги достават своите пријави за стручната работилница „ See New Perspectives “, организирана од страна на World Press Photo Фондацијата, во соработка со Robert Bosch Stiftung .

Крајниот рок за „online“ регистрирање е Понеделник 24 Мај, 2010. Крајниот рок за поднесување на онлајн пријавите е Понеделник 31 Мај 2010 година.

Стручната работилница „See New Perspectives“ е иницијатива на World Press Photo и на Роберт Бош Фондацијата. Истата ќе се оддржи помеѓу јули и декември 2010 година.

Сликите на Балканот во 90-тите години од минатиот век во голема мерка ја оформуваа перцепцијата на регионот во целиот свет, како и во регионот.

Стручната работилница има за цел да постави  предизвици на постоечките перцепции и да ги охрабри фотографите да истражуваат нови перспективи на регионот.

Стручната работилница „ See New Perspectives “ е наменета за 15 професионални фотографи од следниве девет земји во Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска , Косово, Македонија, Црна Гора, Романија и Србија.

Стручната работилница има за цел да го поттикне професионалниот развој и зајакнување на вашите раскажувачки вештини. Доколку сте заинтересирани за учество во оваа Стручна работилница и доколку ги задоволуватек критериуми за пријавата, можете да се пријавите на оваа веб страница.

Стручната работилница „ See New Perspectives “ ќе биде поделена во три различни фази:

**1. Стручна работилница**

Ако сте избрани како учесник, ќе бидете поканети да учествувате стручната работилница во Берлин, Германија, од 1-8 септември 2010 година. Во текот на Стучната работилница ќе бидете подучувани од три еминентни меѓународни фотографи, уредници и куратори. Работилницата ќе вклучува практични вежби, отценување на индивидуалните портфолија, интерактивни презентации од страна на предавачите, и обука за онлајн алатки кои ќе се користат по

Работилницата. Точната содржина и програмата на Работилницата ќе бидат утврдени по завршениот избор на учесниците и ќе зависи од потребите кои ќе ги искажат самите учесници. Во текот на Работилницата исто така ќе се елаборираат и ќе се дискутира за вашите предлози за задачите, кои мораат да бидат завршени во периодот помеѓу средината на септември и крајот на ноември 2010 година.

**2. Задача**
По завршената Работилница, сите учесници ќе добијат задача да направат фото-приказна на одредена тема. Задачата ќе се состои од тоа да се направи оваа фото-приказна надвор од вашата земја, но во рамките на регионот на Југоисточна Европа. Со цел да се заврши задачата, ќе добиете економска помош.

Во текот на изработката на фото-приказната, по пат на онлајн менторски систем ќе ви бидат давани инструкции од страна на менторите кои учествувале во оваа Стручна работилница. Тие ќе го набљудуваат напредокот што сте го направиле, ќе даваат адекватни предлози за следните чекори и совети за финалната обработка.

3. Завршни семинар
На завршниот тродневен семинар, кој ќе биде оддржан на почетокот на декември 2010 година во Берлин, Германија, ќе имате прилика да ги презентирате своите работи и да дискутирате за ниц со останатите учесници и менторите.

Во исто време со финалниот семинар во Берлин, десет уредници од медиумите ос Југоисточна Европа ќе бидат поканети на пет-дневна работилница за визуелна писменост, која исто така ќе се оддржи во Берлин, Германија.

## Кој може да аплицира?
Стручната работилница е отворен за 15 професионални фотографи со државјанство и престој од една од следниве земји во Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора, Романија или Србија.

Освен тоа, Вие треба да  работите како професионален фотограф од областа на фотожурнализам и / или документарна фотографија. Статусот на професионален фотограф подразбира еден, или комбинација од следниве критериуми:

• Да имате прес ИД картичка и / или;
• Вашите работи се објавувани редовно во локалните или меѓународните весници, списанија или онлајн публикации во текот на изминатата година и / или;
• Вашите работи се изложени или објавени во некоја книга во текот на претходните четири години.

Исто така, мора да имате минимум 2, а максимум 15 години професионално работно искуство и познавање на англискиот јазик (зборување и пишување) на минимално средно ниво.

## Како можете да се пријавите?

Доколку сакате да се регистрирате за проектот, треба да ги направите следниве чекори:

- на страницата за онлајн регистрација Кликнете ***Register*;**
- внимателно прочитајте ги Условите и правилата (*Terms and Conditions*), кои ќе морате да ги прифатите, доколку сакате да продолжите со вашата регистрација;
- пополнете го формуларот за регистрација со цел да добиете корисничко име и лозинка;
- World Press Photo ќе изврши проверка на Вашата професионална историја;
- Доколку Вашата апликација биде одобрена, ќе добиете корисничко име и лозинка по е-маил;
- Ќе можете да влезете во овој сајт со Вашето корисничко име и лозинка;
- Ве молиме, проверете ги вашите лични и професионални податоци за да бидете сигурни дека не сте направиле грешки во текот на регистрацијата;
- Поставете две скенирани дела објавени во изминатите 12 месеци (од април 2009 година до април 2010);
- Внесете ажуриран CV;
- Внесете податоци за вашето последно работно место;
- Пополнете ги податоците за Вашата мотивација за учествување во „ See New Perspectives “;

- Пополнете ги информациите за Вашите потреби кога се работи за учење на нови работи;

- Внесете две идеји за приказна за Вашиот проект; - Внесете и едитирајте примероци од Вашата работа (10-20 поединечни слики, плус една приказна сочинета од 5-12 слики).

Одделете доволно време пополнување на апликацијата. Доколку се одјавите, информациите кои сте ги поставиле ќе бидат спасени можеет попосле да се вратите и да ја завршите вашата апликација. Само откако ќе ги завршите сите горенаведени чекори и ќе бидете задоволни со вашата апликација, кликнете на ***submit*.** Кога официјално ќе ја пратите пријавата, нема да можете да внесувате никакви промени повеќе.

После 31 мај, 2010 година, меѓународна, стручна и независна комисија ќе избере 15 учесници врз основа на квалитетот на испратените работи. За да се обезбеди

фер селекција, изборот на кандидатите ќе бие анонимен, и членовите на комисијата нема да ги знаат имињата на лицата чијашто работа се прегледува.

Резултатите ќе ви бидат испратени по е-маил на 30 јуни, 2010 година.

## Информации за Организаторот
## Фондацијата World Press Photo

World Press Photo е независна, непрофитна организација со седиште во Амстердам, Холандија, каде што е и основана 1955-та година. Канцеларијата во Амстердам делува како јадро на мрежата на професионални контакти во целиот свет – и токму благодарејќи на оваа мрежа можно е да се организираат натпревари, изложби и други активности од толку големи размери.

Пред се`, World Press Photo е познат како организиртор на најголемиот и најпрестижниот годишен натпревар на светско ниво во областа на прес-фотографијата. Победничките фотографии се изложуваат во рамките на патувачка изложба која е посетена од над два милиони луѓе во околу 45 земји во светот. Каталогот во кој се презентираат победничките фотографии се објавува еднаш годишно на шест јазици.

World Press Photo е, исто така, изнимно ангажиран во давање поддршка на развојот на настаните во photojournalism и поттикнување на трансфер на знаење, преку организирањето на годишните професионални работилници **Joop Swart**, како и семинари, работилници и други образовни проекти во целиот свет. Сите овие активности се во согласност со мисијата на организацијата за промоција на највисоките стандарди во фотоновинарството во целиот свет и низ овие медиуми се поттикнува меѓународното разбирање.

Организацијата се финансира преку широк спектар на поддршка од своите главни спонзори, како и од спонзорствата за проекти и субвенции за одделни активности.

World Press Photo добива поддршка од холандската лотарија, спонзори на Фондацијата во светот се **Canon и TNT**.

TNT Canon

За повеќе информации за World Press Photo и образовните програми, молиме, посетете ја нашата страница: www.worldpressphoto.org

## Robert Bosch Stiftung

Фондацијата Robert Bosch Stiftung е една од најголемите германски фондации, поврзана со приватни компании. Фондацијата поседува 92% акционерскиот капитал на Robert Bosch GmbH.

Основана е 1964-та година, и ги претставува филантропските напори на Роберт Бошh (1861-1942), фокусирајќи се на полето на науката, здравството, меѓународните односи, образованието, општеството и културата.

Фондацијата во Штутгарт, во основа ги води Роберт Бош-Krankenhaus (Роберт Бош болница), Dr. Margarete Fischer-Bosch -Институтот за клиничка фармакологија, како и Институтот за Историја на медицината.

Помеѓу 1964-та и 2008-та година Фондацијата додели околу 900 милиони евра за проекти. Во текот на 2008-та, за финансирање на проектите е потрошено околу 60 милиони евра.

Фондацијата Robert Bosch Stiftung е активна на подрачјето на Балканот уште од раните 1990-ти години. Фондацијата иницираше Меѓународната комисија за Балканот во 2003 година во соработка со Фондацијата на кралот Бодуен, германскиот Marshall фонд на САД, и Фондацијата Charles Stewart Mott. Врз основа на наодите на Комисијата и во согласност со нејзините главни препораки, во 2005-та година е одлучено да се воведе програма за поддршка за областа „Југоисточна Европа" Покрај тоа, во партнерство со европските фондации основан е Европски фонд за Балканот со цел да ги преземе и подджи иницијативите кои имаат за цел приближување на Западниот Балкан поблиску до Европската унија. Исто така, активностите на Robert Bosch Stiftung се фокусираат на новинарството, како и обезбедување на поддршка и иницијативи со кои се подобруваат меѓусебното разбирање и помирување. Постоечките програми во другите програмски области се проширени за да вклучат и земји од Југоисточна Европа.

За повеќе информации за Роберт Бош Фондацијата, молиме, посетете ја страницата: www.bosch-stiftung.de

WORLD PRESS PHOTO Robert Bosch Stiftung